Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-432/9
28. 11. 2025 год.
ГРАДСКО

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН
## за заштита од снежни намети на Општина Градско за 2026 година

**1. Нормативна регулатива**

Основ за изработка на планот за заштита и спасување на општините е членот 10, 11, 13, 14 и 51 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 85/09, 114/09, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и Службен весник на РСМ бр. 82/20 и 215/21) Правилникот за содржината, начинот на ракување и употреба на планот за заштита и спасување и Методологијата за содржините и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен Весник на РМ бр.76/06).

Согласно член 34,35,36,37 и 38 од Законот за јавни патишта (Службен весник на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 39/10, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/16, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16, и Службен весник на РСМ бр. 174/21) и член 17 од Статутот на општина Градско (Службен гласник на општина Градско бр. 02/06) општина Градско донесе Оперативен план за заштита од снежни намети.

**2. Содржина, начин на ракување и употреба на планот**

Содржина на планот:

- **Процедура - анализирање на опасноста - загрозеноста од снежни намети.**

## I. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕРИТОРИЈАТА

Општина Градско со својата местоположба се наоѓа во централниот дел на Република Македонија на 41М 30С северна географска широчина и 22М источна должина. Територијата на општина Градско зафаќа 290 км2 и според големината се вбројува во средни општини во Република Македонија. Седиште на општината е населбата Градско како оперативен, економски и сообраќаен центар. Општината Градско е претежно аграрна општина и поголемиот дел од населението се занимава со земјоделие, а застапена е и индустријата, трговијата, угостителството и железничкиот сообраќај.

Таа граничи со повеќе општини и тоа: на север со општина Велес и општина Лозово, на запад со општина Чашка, на исток со општина Штип, на југ со општина Росоман и на југо - исток со општина Неготино. Просторот на општината се протега од двете страни на реката Вардар.

Имено, во средишниот дел е широка и плодна алувијална рамнина на реката Вардар и токму во неа од левата страна се влева реката Брегалница. На оваа страна се издига благ ридест дел со висина од 140 до 561 метар. Од десната страна пак просторот се издига се до сртот на ниската планина Клепа 1.149 м. Југоисточно од Градско на 5 км се влева Црна Река во реката Вардар.

Општина Градско има 3.760 жители. Во општината Градско има 16 населени места од кои 10 се активни со постојани жители а додека 6 села се наполно раселени (Двориште, Скачинци, Убого, Свеќани, Згрополци и Куридере). Населените места се разместени од левата и на десната страна на реката Вардар. Најголемо населено место како седиште и централно место на општината е населбата Градско со 2.219 жители и 691 домаќинство потоа с.Виничани со 569 жители и 155 домаќинства, с. Водоврати со 379 жители и 99 домаќинства, с. Ногаевци со 239 жители и 70 домаќинства, с. Уланци со 80 жители и 26 домаќинства, с. Долно Чичево со 72 жители и 30 домаќинства, с. Горно Чичево со 22 и 10 домаќинства, с. Подлес со 49 жители и 25 домаќинства, с.Кочилари со 130 жители и 30 домаќинства и с.Грнчиште со 1 жител и домаќинство.

Заради својата географска положба општина Градско се наоѓа во простор што го зафаќа медитеранска клима присутна од Егејското море. Просечната годишна температура изнесува 14 °С. Годишниот максимум изнесува 41,1°С а годишниот минмум 21,1°С. Летата се топли и суви во просек со температура од 25 до 30 степени а зимите благи со малку снежни врнежи.

За подрачјето на општина Градско појавата на лавините не се карактеристични а снежните наноси најчесто се јавуваат на локалните, регионалните и магистралните патишта. Во зимски услови при обилни врнежи од снег можат да предизвикаат тешкотии во сообраќајот, прекин во електро и телефонските водови како и отсеченост на одделни населени места. На повисоките населени места во атарот на ниската планина "Клепа" преку зимниот период со појавата на снежни врнежи постои опасност од нивно завејување.

Општината секоја година донесува Програма за одржување на локалните патишта и улици во зимски услови, набавува индустриска сол, врши увид во расположливата механизација и ги задолжува ЈКП "Клепа" Градско и ги вклучува избраните претпријатија врз основа Законот за јавни набавки за чистење на локалните патишта и улици.

При просечни внежи на снег од 10-30 см надополнети со силни ветрови можно е да се створат снежни намети и тоа:

- ЛП Градско - Подлес (пред С.фарма и с.Подлес)
- ЛП Градско - Виничани (кај гробиштата)
- ЛП Градско - Водоврати (стара депонија и пред с.Водоврати)

## II. ПАТНА МРЕЖА

Општина Градско со оглед на својата местоположба преставува сообраќајна раскрсница. Преку целата должина на територијата на општината од север кон југ води автопатот Скопје -Гевгелија. Напоредно со автопатот води и регионалниот пат 1102 Велес - Градско кој во Градско се спојува со државниот пат А1 Градско - Прилеп. Одржувањето на овие патишта го врши Јавното претпријатие "Македонија Пат" - Скопје , Подружница Велес.

Локалната патна мрежа во општина Градско е 36,6 км од кои: 27,8 км патишта асфалтирани , 4,8 км тампонирани и 4 км земјен пат.

| Р. бр | Локален пат од - до | км | Ширина на | | Вид на Коловоз | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | планум(м) | коловоз | Непробиен (км) | земјен (км) | Тампониран(км) | асфалт (км) |
| 1. | Градско-Долно Чичево | 7,0 | | | | | | 7,0 |
| 2. | ДолноЧичево-Подлес | 7,0 | | | | | | 7,0 |
| 3. | ДолноЧичево-ГорноЧичево | 2,0 | | | | | | 2,0 |
| 4. | РП-1102 - Водоврати | 4,5 | | | | | | 4,5 |
| 5. | РП-1102 - Виничани | 1,5 | | | | | | 1,5 |
| 6. | Градско - Уланци | 1,0 | | | | | | 1,0 |
| 7. | РП-1102 - Ногаевци | 1,0 | | | | | | 1,0 |
| 8. | РП-1102 - Кочилари | 2,5 | | | | | | 2.5 |
| 9. | РП-1102 - Грнчиште | 5,1 | | | | | 4,8 | 0,3 |
| 10. | Грнчиште- Скачинци | 4,0 | | | | 4,0 | | |
| 11 | РП 1102- Лаките | 1,0 | | | | | | 1,0 |
| **ВКУПНО** | | **36,6** | | | | **4,0** | **4,8** | **27,8** |

## III. УТВРДУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СНЕЖНИ НАМЕТИ

Со овој план се уредуваат работите за зимското одржување на патиштата на подрачјето на општина Градско за 2026 година, како и работите за одржување на комуналните објекти, тротоарите и велосипедските патеки на делниците од регионалните патишта кои минуваат низ населените места и се изградени како улици.

Јавни патишта на подрачјето на општина Градско се локалните патишта и улици.

**1. Работи на зимско одржување на јавните патишта се:**

- чистење снег и мраз од коловозот, комуналните објекти, тротоарите и велосипедските патеки на делниците од регионалните патишта кои минуваат низ населените места и се изградени како улици.

- посипување на коловозот со сол или абразивни средства во осојничавите места, мостовите , делниците со поголеми наклони на патот, како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот.

Работите на зимското одржување на јавните патишта и улици се изведуваат на начин кој обезбедува постојана проодност.

Ако поради снег, голомразица или други причини сообраќајот на јавниот пат или улица е отежнат или безбедноста на сообраќајот е значително загрозена, надлежниот општински орган ќе превземе итни мерки за отстранување на пречките, а ако не е во состојба да ги отстрани пречките ќе го запре целоит сообраќај или само за одделни видови на возила по претходно прибавена соогласност од Министерството за транспорт и врски, односно надлежниот орган на општината.

Во случаите кога прекинот на сообраќајот трае подолго од два часа надлежниот орган на општината ќе ја извести јавноста преку средствата за информирање.

Во случај на прекин на сообраќајот на јавен пат поради елементарни непогоди (снежни лавини, одрони од поголем обем или други причини) надлежниот орган на општината ќе постапи врз основен посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди што го донесува Советот на општината.

**2. Во зимското одржување на локалните патишта и улици ќе учествуваат надлежните општински органи со следните обврски:**

*а) Совет на општина Градско:*
- Донесува Програма за зимско одржување.
- Донесува посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

*б) Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштитан а животна средина:*
- Го организира чистењето на снег и мраз од коловозот на локалните патишта и улици, делниците од регионалните патишта кои поминуваат низ населените места како изградени улици, комуналните објекти тротоарите и велосипедските патеки, како и посипувањето со сол или абразивни средства.
- Привремено, делумно или во целост го запира сообраќајот и утврдува по кој друг пат и под кој услови ќе се одвива сообраќајот кога работите неможат да се изведат под сообраќај.
- Во рок од 48 часа пред запирањето на сообраќајот ги известува корисниците на локалниот пат и улица преку средствата за јавно информирање.
- Превзема итни мерки за отстранување на пречките при отежнато одвивање на сообраќајот или за запирање на сообраќајот на одредени делници или во целина по претходно прибавување на согласност од надлежен државен или општински орган.
- Ја известува јавноста преку средствата за информирање за прекин подолг од два часа.

- Постапува согласно посебен план за отстранување на последиците од елементарните непогоди, во случај на прекин на сообраќајот поради елементарни непогоди.

*в) Комунален инспектор:*

- Врши надзор и контрола на чистењето на јавно прометните површини во зимскиот период.

*ѓ) Инспектор за сообраќај и патишта:*

- Врши надзор и контрола на целокупната состојба на сите локални патишта.

*д) Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата:*

- Масовна едукација за мерките и активностите за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста во патниот сообраќај.

*ѓ) Општински штаб за заштита и спасување:*

Зема учество во изготвувањето на Програмата, следење над нејзино спроведување и на севкупната состојба во зимскиот период благовремено превземање на превентивни мерки за цивилна заштита, како и конкретни активности за соодветна дообука и подготвеност на екипите лицата од населените места кои ќе вршат посолување и чистење.

**3. Во зимското одржување на локалните патишта и улици ќе учествуваат и други органи и институции, и претпријатија со следните задачи:**

*а) Републички сообраќајен инспектор:*

- Надзор и контрола над мерките и активностите за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

*б) Центар за известување и тревожење:*

- се вклучува во извршувањето на Програмата во делот на информативниот систем за зимско одржување, и тоа само со помош на својата развиена радиостанична мрежа на подрачјето на општината.

*в) Сообраќајна полиција:*

- Покрај извршувањето на работите од својата надлежност, таа е еден од првичните извори на информациите од теренот за состојбата на патиштата.

*ѓ) Јавното претпријатие за државни патишта:*

- Јавното претпријатие за државни патишта согласно Програмата за зимско одржување на патиштата и склучениот договор со ЈП за одржување на магистралните и регионалните патишта на териториата на општината има обврска како прв приоритет да извршува зимско одржување на автопатот А1 Пријателство (Е 75) и А1 делница (експресен пат) Градско - Прилеп а втор приоритет се регионалните патишта и тоа:

1. РП - 1102 Велес - Градско
2. РП - 1107 Градско – Росоман - Кавадарци

*д) Изведувачот* ЈКП Клепа Градско ќе има обврска да извршува зимско одржување на следните локални патишта и улици:

| | |
|---|---|
| 1.ЛП - Градско - Д.Чичево | 7,0 км |
| 2.ЛП - Д.Чичево - Подлес | 7,0 км |
| 3.ЛП - Д.Чичево - Г.Чичево | 2,0 км |
| 4.ЛП - Градско - Уланци | 1,0 км |
| 5.ЛП - РП 1102 - Ногаевци | 1,0 км |
| 6.ЛП - РП 1102 - Виничани | 1,5 км |
| 7.ЛП - РП 1102 - Водоврати | 4,5 км |
| 8.ЛП - РП 1102 - Кочилари | 2,5 км |
| 9.ЛП - РП 1102 - Грнчиште | 5,1 км |
| 10.ЛП - Грнчиште - Скачинци | 4,0 км |
| 11.РП 1102 - Лаките | 1,0 км |
| **Вкупно** | **36,6 км** |

*ѓ) ЈКП* "Клепа" Градско се ангажира во зимското одржување на локалните патишта и улиците согласно со Програмата за одржување на јавната чистота и Програмата за зимско одржување на локални патишта и улици во општина Градско, за следните улици во населба Градско:

| | |
|---|---|
| - ул. Александар Македонски | 0,418 км |
| - ул. 8 Септември | 1,840 км |
| - ул. 11 Октомври | 0,714 км |
| - ул. Борис Трајковски | 1,012 км |
| - ул. Илинденска | 0,500 км |
| - ул. Гоце Делчев | 0,210 км |
| - ул. Никола Карев | 0,234 км |
| - ул. 8 Ноември | 0,373 км |
| - ул. Индустриска | 0,400 км |
| - ул. Автопат | 0,220 км |
| - ул. Староградска | 1,590 км |
| - ул. Обиколница | 1,081 км |
| - ул. Јане Сандански | 0,818 км |
| **Вкупно** | **9,410 км** |

**4. Во зимското одржување на локалните патишта, улици и др. комунални објекти ќе се вклучат и:**

*а) ЕВН Македонија - Скопје КЕЦ Велес:*

- Ги превзема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електрични инсталации, приодите и непосредната околина околу трафостаниците и други уреди.

*б) АД "Македонски телекомуникации" - регионален центар за телекомуникации Велес:*

- Ги превзема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ПТТ инсталации и уреди на телефонските говорници.

*в) Граѓаните:*

- Го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите индивидуални куќи а исто и од покривите и терасите водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да обезбедува нормален и безбеден пешачки и друг вид на сообраќај.

*ѓ) Сопствениците и корисниците на деловни објекти и дуќани:*

- Го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите деловни објекти и дуќани при тоа водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да обезбедат нормален и безбеден пешачки и друг вид на сообраќај

*д) Други учесници:*

- Единиците за заштита и спасување, месните заедници, ученици и студенти и др. екипи, во услови на прогласена елементарна непогода дејствуваат според посебниот План за отстранување на последиците од елементарните непогоди.

*ѓ) Месните заедници во општината:*

- Се должни да превземат одговорност во смисла: да ги известат надлежниот орган и граѓаните за настанатата состојба, потребата и начинот за отстранување на снежните наноси при тоа да ги активираат граѓаните од таа МЗ за да можат во договор со општината Градско -одделението за планирање, развој и услуги да превземат конкретни работни задолженија и обврски во зимското одржување на патната мрежа, заради што по одделни Месни заедници може да подигнат, складираат, чуваат и наменски да користат индустриска сол, со можност од задолженото учество со сопствена механизација и екипи во чистењето и посолувањето.

е) *Сите учесници* во извршувањето на доверените работи од зимското одржување на јавната патна мрежа, се должни до надлежниот општински орган да доставaт оперативна програма за својата подготвеност и опременост со механизација и извршители.

## IV. УПОТРЕБА НА ПЛАНОТ

Со планот за заштита од снежни намети ќе раководи општинскиот штаб за заштита спасување на општина Градско, врз основа на Одлуката што ја донесува Советот на општина Градско.

Планот вклучува и негово континуирано ажурирање, периодично дополнување и наменски измени на содржината кои на соодветен начин ќе бидат евидентирани.

Совет на Општина Градско
Претседател
_______________________
Драгана Данева